# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АПТЕКА И АПТЕКАРСКО РАБОТЕЊЕ" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БИСТРА АНГЕЛОВСКА, Д-Р ЕЛЕНА ДРАКАЛСКА И М-Р АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр. 2002-57/12 од 134. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 24.2.2015 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис **„АПТЕКА И АПТЕКАРСКО РАБОТЕЊЕ", учебник,** од авторите: проф. д-р Бистра Ангеловска, д-р Елена Дракалска и м-р Александар Цветковски, наменет за студентите по фармација од прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, избрани се рецензентите:

- проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предложениот учебник од проф. д-р. Бистра Ангеловска, д-р Елена Дракалска и м-р Александар Цветковски со наслов „АПТЕКА И АПТЕКАРСКО РАБОТЕЊЕ" како интерен учебник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметот АПТЕКА И АПТЕКАРСКО РАБОТЕЊЕ, кој се слуша во деветтиот семестар, на студиската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со неделен фонд на часови од 2 + 1 + 1.

Понудениот ракопис на проф. д-р Бистра Ангеловска, д-р Елена Дракалска и м-р Александар Цветковски е подготвен според наставната програма и ја опфаќа наставната материја за курсот Аптека и аптекарско работење.

Во однос на обемот, ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран интерен учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на учебникот е поделена на 12 поглавја, кои одговараат на посебни наставни единици од областа на аптека и аптекарско работење. Покрај текстот, ракописот содржи и 5 табеларни прикази, 2 слики и една шема кои имаат за цел да им помогнат на студентите во совладување на предвидениот материјал и да им го направат учењето полесно и поинтересно.

Овој учебник ќе биде голем придонес затоа тоа што досега нема објавен учебник за предметот Аптека и аптекарско работење на македонски јазик, кој е наменет за фармацевти и во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма, програмските единици од првиот дел на предметот Фармацевтска технологија 1, како и за деловите во кои е опфатено аптекарското работење од другите предмети на студиите по фармација. Токму затоа, овој интерен учебник се јавува како неопходен учебно помагало за студентите од фармација кој во голема мера ќе им го олесни совладувањето на наставната содржина. При изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски единици кои се однесуваат на современите приоди и достигнувања, кои претставуваат релевантни научни

извори, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на Аптека и аптекарско работење како таков и деловите содржани во Фармацевтска технологија 1.

На почетокот е дадена содржината со што го олеснува следењето на понудениот материјал. Со кус предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на учебникот, потоа следи детална предметна програма по курсот Аптека и аптекарско работење, а на крајот е дадена листа на референци или библиографија (користена литература). Содржината што се презентира во овој интерен учебник е систематизирана во следните поглавја:

– Првото поглавје, под наслов *Трговија на мало со лекови; структура и законски аспекти на системот*, започнува со историски осврт за развојот на аптеките низ вековите и е наменето да ги запознае студентите со поимот и дефиницијата трговија на мало со лекови, структурата и законските аспекти на системот за трговија на мало со лекови, главните карактеристики на регулативата за аптеки во земјите на ЕУ, односно запознавање на студентите со поимот лиценцирање, право на сопственост, ограничување на бројот на аптеки, како и начин на продажба на лековите во Македонија и други земји.
– Второто поглавје, под наслов*Добра аптекарска пракса*, им овозможува на студентите да ги прошират стекнатите знаења за принципите и начелата на добрата аптекарска пракса во Република Македонија, барањата кои треба да бидат задоволени согласно начелата на добрата аптекарска пракса, примената и воспоставените стандарди на добрата аптекарска пракса и фармацевтските услуги.
– Во третото поглавје, под наслов *Аптека – законски статус и јавни функции*, се посветува посебно внимание на документацијата за доделување на лиценца и дозволата за работа во аптека, наведени се основните услови кои треба да бидат исполнети од страна на вработените во аптека, наведен е пакетот на основни здравствени услуги што ги плаќа Фондот за здравство, опишано е издавањето на лек на рецепт во аптеката.
– Во четвртото поглавје, под наслов *Организација на работата во аптеки – јавни и болнички*, детално се опишани организационите и законските аспекти за успешно функционирање на јавните и болничките аптеки и условите под кои може да се основаат како здравствени установи.
– Во петтото поглавје од предложениот текст, под наслов *Фактори што влијаат на употребата на лековите*, *квалитативни и квантитативни проучувања и мерења на употребата на лековите*, се утврдуваат основните фактори кои влијаат на употребата на лековите, како елементи на процесот за снабдување со лекови, детално се објаснети квалитативните и квантитативните проучувања како и мерењата на употребата на лековите.
– Во шестото поглавје, насловено како *Пропишување и издавање на лекови, наркотици, скапи лекови и лекови за ретки болести*, се разработени основните правила за начинот на пропишување и издавање на лекови, наркотици, скапи лекови и лекови за ретки болести, според препораките на СЗО, ЕУ и законската регулатива на РМ.
– Во седмото поглавје, *Листи на лекови*, студентите се запознаваат со теоретските основи на селекцијата на лекови и изготвувањето на листи на лекови како елемент на фармацевтските политики, концептот на Есенцијална листа на лекови на СЗО и начинот и критериумите за изготвување на национални листи, селекцијата на реимбурсирани лекови и основните критериуми за изработка на Листата на лекови на товар на Фондот во РМ, структурата и основните карактеристики и со методологијата на изработка на истата согласно со законската регулатива во РМ.
– Во осмото поглавје, со наслов *Самомедикација и ОТС препарати*, е објаснет поимот самомедикација, начинот на спроведување и улогата на фармацевтот за правилно спроведување на самомедикација, и од друга страна, карактеристиките и значајот на познавањето на ОТС препаратите.
– Деветтото поглавје во овој учебник, *Цени и формирање на цени на лековите*, е посветено на класификацијата на цени според маркетинг- теорија, Формирање на цените на ниво на производство, како и законските прописи за формирање на цените во ЕУ, методологијата за формирање на единствените цени на лековите во Република

Македонија и нивните основни карактеристики. Во ова поглавје детално е објаснето и формирањето на референтните цени на лековите од Листата на лекови на товар на Фондот и начинот на нивното плаќање.

- Десеттото поглавје на предложениот текст, под наслов *Фармацевтски менаџмент*, е фокусирано на основните менаџерски стилови и функциите на здравствените менаџери. Понатаму, во текстот е наведен начинот на организација и управување со процесот на снабдување со лекови, објаснети се методите за пресметување на неопходните количества на лекови и детално се опишани етапите кои треба да бидат извршени при реализација на договор и доставка на лекови.
- Во единаесеттото поглавје на предложениот текст, под наслов *Фармацевтски маркетинг, информација и реклама*, се претставени целите на маркетингот на фармацевтските производи, објаснета е постмаркетиншката контрола на лековите и се дефинирани и појаснети поимите информација, реклама и огласување, како и законската регулатива на РМ за начинот на рекламирање на здравствените установи и услуги и огласувањето на лекови и медицински помагала.
- Дванаесеттото поглавје, главно, е фокусирано на финансово- сметководствените работи во аптеките, финансирањето и контролата на достапноста на лековите. Обрнато е посебно внимание на класификацијата на приходите и расходите во аптеката, начинот на спроведување на попис и контролата на работата во аптеките.
- Покрај ова, на крајот од учебникот, во делот Литература, се цитираат 39 референци користени при изработката на овој учебник, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за оние студенти кои имаат желба да ги прошират сознанијата од областа на аптеката и аптекарското работење.

Како што потенцираат авторите во предговорот, овој учебник е подготвена со цел да им помогне на студентите во совладување на предвидениот материјал. Секако, за одредени прашања, се препорачува и користење на литературата која е претставена на крајот на текстот, а која послужила во подготвување на учебникот.

## З А К Л У Ч О К

При презентирањето на материјата од областа на аптеката и аптекарското работење, авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, воспримаат и разберат суштината на предочената содржина од областа на аптека и аптекарско работење. Учебникот претставува значајно учебно помагало, посебно ако се земе предвид дека досега нема објавен комплетен учебник по Аптека и аптекарско работење на македонски јазик. Секако, учебникот е еднакво корисен и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од горенаведеното може да се заклучи дека трудот со наслов „Аптека и аптекарско работење" од проф. д-р Бистра Ангеловска, д-р Елена Дракалска и м-р Александар Цветковски ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран интерен учебник. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронски интерен учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, с.р.**